а) основи на навигација; принципи и работа на самостојни системи; и

б) оперативни аспекти на метеорологијата.

1.3.1.3 Искуство

1.3.1.3.1 Кандидатот треба да има завршено, под надзор на лице прифатено од АЦВ за таа цел, најмалку 100 часа време на летање при извршување на должностите на инженер-летач. АЦВ ќе утврди дали искуството како инженер-летач во одобрен летачки симулатор е прифатливо како дел од вкупните 100 часа време на летање. Кредитот за такво искуство е ограничен на максимум 50 часа.

1.3.1.3.1.1 Кога кандидатот има летано како пилот, АЦВ ќе утврди дали таквото искуство е прифатливо и, ако е, во која мера условите за времето на летање од точката 1.3.1.3.1 од овој прилог можат да се намалат соодветно.

1.3.1.3.2 Кандидатот треба да има оперативно искуство во извршување на должностите на инженер-летач, под надзор на инженер-летач прифатен од АЦВ за таа цел, најмалку во следните области:

а) Нормални процедури

• предлетни прегледи

• процедури за полнење со гориво; управување со горивото

• преглед на документи за одржување

• нормални процедури на командниот пулт во сите фази на летот

• координација на екипажот и процедури во случај на неспособност на член на екипажот

• пријавување на дефекти

б) Ненормални и алтернативни процедури

• препознавање на ненормално функционирање на системите на воздухопловот

• употреба на ненормални и алтернативни (резервни) процедури

в) Итни процедури

• препознавање на итни состојби

• употреба на соодветни итни процедури

1.3.1.4 Вештина

1.3.1.4.1 Кандидатот треба да покаже способност да дејствува како летачки инженер на воздухоплов, извршувајќи ги должностите и процедурите опишани во точката 1.3.1.3.2 од овој прилог, со степен на компетентност соодветен на привилегиите доделени на носителот на лиценца за летачки инженер, и да:

а. препознае и управува со закани и грешки;

Забелешка.— Упатството за примената на управување со закани и грешки (TEM) се наоѓа во Procedures for Air Navigation Services — Training (PANS-TRG, Doc 9868), Part II, Section I, Chapter 6, и во Human Factors Training Manual (Doc 9683).

б. користи системи на воздухопловот во рамките на можностите и ограничувањата на воздухопловот;

в. применува добро расудување и летачка вештина;

г. применува аеронаутичко знаење;

д. извршува сите должности како дел од интегриран екипаж со обезбеден успешен исход и

ѓ. ефективно комуницира со другите членови на летачкиот екипаж.

1.3.1.4.2 Употребата на FSTD за извршување на која било од процедурите потребни при демонстрацијата на вештина опишана во точката 1.3.1.4.1 од овој прилог треба да биде одобрена од АЦВ, која ќе обезбеди дека FSTD е соодветен за задачата.

1.3.1.5 Здравствена способност

Кандидатот треба да поседува важечка Медицинска проценка Класа 1 согласно Правилникот за здравствена способност на персоналот во воздухопловството.

1.3.2 Привилегии на носителот на дозвола и услови за нивно остварување

1.3.2.1 Под услов на усогласување со барањата наведени во 1.2.5, 1.2.6 и 1.2.7.1 од Анексот 1 на Чикашката конвенција, привилегиите на носителот на дозвола за инженер-летач се да дејствува како инженер-летач на кој било тип на воздухоплов на кој носителот има демонстрирано ниво на знаење и вештина, како што ќе утврди АЦВ врз основа на условите наведени во точките 1.3.1.2 и 1.3.1.4 од овој прилог кои се применливи за безбедното управување со тој тип на воздухоплов.

1.3.2.2 Типовите на воздухоплови на кои носителот на дозволата е овластен да ги остварува привилегиите од дозволата, треба да бидат внесени во дозволата или евидентирани на друг начин прифатлив за АЦВ.

---

**4923.**

Врз основа на член 92 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРИСТАП НА ПАЗАРОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗЕМСКИ УСЛУГИ НА АЕРОДРОМ

## Општо

Член 1

(1) Со овој правилник се пропишува пристапот на пазарот за извршување на земски услуги на аеродром, односно неговото ограничување согласно Директивата 96/67 од 15 октомври 1996 година за пристап на пазарот на аеродромски услуги на воздухопловните пристаништа на Заедницата.

(2) Овој правилник се применува на воздухопловните пристаништа што се наоѓаат на територијата на Република Северна Македонија и се отворени за јавно користење.

## Дефиниции

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) **аеродром** (aerodrome) е определена површина (вклучувајќи ги и сите објекти, инсталации и опрема) на копно или во вода или на неподвижен објект, неподвижен објект покрај брег или на пловен објект наменет да се користи, целосно или делумно за слетување, полетување и движење по површина на воздухоплови;

2) **аеродромска инфраструктура** (airport infrastructure) се полетно слетни патеки, патеки за возење, сообраќајници, пристанишни платформи, инсталации за вертикална сигнализација и терминална зграда со придружни објекти и инсталации;

3) **оператор на аеродром** (aerodrome operator) е физичко или правно лице кое оперира или предлага да оперира еден или повеќе аеродроми;

4) **воздухопловно пристаниште** (airport) е која било област што е посебно приспособена за слетување, полетување и маневрирање на воздухоплови, заедно со помошните инсталации што овие операции ги вклучуваат за барањата на воздушниот сообраќај и услуги, вклучувајќи ги инсталациите потребни за поддршка на комерцијалните воздушни операции;

5) **корисник на воздухопловно пристаниште (airport user)** е правно или физичко лице одговорно за превоз на патници, пошта и/или стока по воздух од или до соодветното воздухопловно пристаниште;

6) **земски услуги на аеродром** (groundhandling services) се услуги кои им се даваат на корисниците на воздухопловно пристаниште (како што се прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж, стока и пошта и снабдување на воздухопловот со гориво и мазиво и други услуги) и се утврдени во Прилог кој е составен дел на овој правилник;

7) **давател на земски услуги на аеродром** (supplier of groundhadling services) е правно или физичко лице што на трети лица им обезбедува една или повеќе категории на земски услуги на аеродром;

8) **самостојно давање на земски услуги** (self-handling) (самостојно опслужување) е кога корисникот на воздухопловното пристаниште директно извршува

сам за себе една или повеќе категории на земски услуги на аеродром, а за што не склучува договор со трето лице. Корисниците на воздухопловното пристаниште не се сметаат меѓу себе како трети лица ако:

- еден од нив има мнозински дел во сопственоста на другиот или
- ист субјект има поголем дел во сопственоста на двата;

9) **самостоен давател на земски услуги** (self-handler) е корисник на воздухопловното пристаниште кој самостојно извршува една или повеќе категории на земски услуги на аеродром;

10) **тело за управување со воздухопловно пристаниште** (managing body of the airport) е правно лице кое, со или без други активности, има за цел да управува и раководи со аеродромската инфраструктура, да ги координира и контролира активностите на операторите присутни на соодветното воздухопловно пристаниште или систем на воздухопловни пристаништа, во согласност со законодавството на Република Северна Македонија и

11) **ЕЗВО** е Европска заедничка воздухопловна област воспоставена со Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европската заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/07 и 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 259/19).

**Земски услуги**

Член 3

(1)Земски услуги може да се вршат од страна на:

а) телото за управување со воздухопловното пристаниште,

б) корисник на воздухопловното пристаниште како самостоен давател на земски услуги и

в) давател на земски услуги.

(2) Одредбите од овој правилник кои се однесуваат на самостојното давање на земски услуги се применуваат на сите воздухопловни пристаништа на територијата на Република Северна Македонија со годишен промет кој не е помал од два милиона патници или 50 000 тони товар.

(3) Одредбите од овој правилник кои се однесуваат на земските услуги кои се даваат од страна на субјектите од став (1) точка в) на овој член се применуваат на сите воздухопловни пристаништа на територијата на Република Северна Македонија со годишен промет кој не е помал од два милиона патници или 50 000 тони товар.

(4) Доколку воздухопловното пристаниште постигне еден од праговите за превоз на товар наведени во овој член или во член 8 став (2) од овој правилник, а притоа не го постигне утврдениот праг за превоз на патници, тогаш одредбите од овој правилник не се применуваат на категориите земски услуги кои се однесуваат исклучиво на патници.

(5) Во случај на пад на годишниот промет на одредено воздухопловно пристаниште, по исполнувањето на условите за примена на овој правилник како што е дефинирано во ставот (3) на овој член, субјектите од став (1) точка в) на овој член не ги уживаат правата пропишани со овој правилник освен ако веќе не започнале со давање на земски услуги. Воздухопловните пристаништа на кои има пад на годишниот промет треба да ја известат Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенцијата) за падот на прометот веднаш штом утврдат дека истиот би можел да влијае на праговите утврдени во став (3) на овој член.

(6) Во случај кога е ограничен бројот на даватели на земски услуги согласно член 7 став (3) од овој правилник, падот на прометот од став (5) на овој член на воздухопловното пристаниште каде бројот на даватели е ограничен влијае на следниот начин:

а) доколку постапката за избор веќе е спроведена согласно член 11 од овој правилник и е избран давател на услуги, истиот има право да продолжи со вршење на услугите, односно

б) доколку конкурсот е во подготовка или во тек, наведениот процес се запира додека воздухопловното пристаниште не ги достигне праговите предвидени со овој правилник.

(7) Телото за управување со воздухопловното пристаниште треба на својата интернет страница да објавува и одржува ажурирани податоци за сите даватели на земски услуги на тоа воздухопловно пристаниште.

**Тело за управување со воздухопловно пристаниште**

Член 4

(1) Во случај кога со воздухопловното пристаниште или систем на воздухопловни пристаништа управуваат повеќе тела, за потребите на овој правилник, секое од тие тела се смета како дел од единственото тело за управување со воздухопловното пристаниште.

(2) Во случај кога едно тело за управување со воздухопловно пристаниште управува со повеќе воздухопловни пристаништа или системи на воздухопловни пристаништа, за потребите на овој правилник, секое од тие воздухопловни пристаништа, односно системи се смета како издвоена целина.

**Раздвојување на сметки/конта**

Член 5

(1) Во случај кога операторот на воздухопловното пристаниште, корисникот на воздухопловното пристаниште или давателот на земски услуги на аеродром даваат земски услуги на аеродром, треба да ја раздвојат сметката, односно контото за надоместокот за дадените земски услуги на аеродром од сметките, односно контата за другите дејности.

(2) Во годишните финансиски извештаи на операторот на воздухопловното пристаниште треба да биде видливо дека нема никакви поврзани финансиски текови меѓу неговата дејност како оператор на воздухопловното пристаниште и неговата дејност како давател на земски услуги на аеродром.

(3) Независен овластен ревизор врши ревизија со цел да утврди дали во финансискиот извештај е извршено раздвојување на сметките, односно контата од став (1) на овој член и дали има поврзани финансиски текови од став (2) на овој член.

(4) Раздвојување на сметката, односно контото од ставот (1) на овој член подразбира раздвојување на сите приходи и расходи од дадените земски услуги на аеродром од приходите и расходите од другите дејности.

(5) Извештајот од овластен ревизор од ставот (3) на овој член операторот на воздухопловното пристаниште го поднесува до Агенцијата најдоцна во рок од шест месеци по завршувањето на претходната финансиска година.

**Одбор на корисници**

Член 6

(1) Телото за управување со воздухопловно пристаниште треба да обезбеди воспоставување на одбор на корисници на воздухопловното пристаниште на кое се применуваат одредбите од овој правилник.

(2)Сите корисници на воздухопловното пристаниште имаат право да бидат членови во одборот, или да бидат претставувани во одборот од страна на друго лице.

(3)Одборот на корисници на воздухопловното пристаниште донесува Деловник за работа на Одборот.

(4)Телото за управување со воздухопловното пристаниште треба да обезбеди Одборот на корисници да се состанува најмалку еднаш годишно.

**Даватели на земски услуги**

Член 7

(1) Давателите на земски услуги имаат слободен пристап на пазарот со цел давање на една или повеќе земски услуги во согласност со одредбите од Законот за воздухопловство и овој правилник.

(2) Давател на земски услуги може да биде правно или физичко лице регистрирано за давање на земски услуги, со седиште во земја членка на ЕЗВО или друга држава, ако тоа е утврдено со закон или меѓународен договор кој Република Северна Македонија го ратификувала кое поседува одобрение за давање на земски услуги.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, по барање на телото за управување со воздухопловното пристаниште, Агенцијата може да го ограничи бројот на даватели на земски услуги на аеродром за секоја од наведените категории на земски услуги:

- прифаќање и испраќање на багаж,
- прифаќање и испраќање на воздухоплови на платформа,
- опслужување со гориво и мазиво и
- прифаќање и испраќање на товар и пошта, поврзано со нивна физичка манипулација при доаѓање, заминување или трансфер меѓу карго терминалот и воздухопловот.

(4) Бројот на даватели на земски услуги на аеродром од став (3) на овој член, не може да се ограничи на помалку од два за секоја од категориите земски услуги на аеродром од став (3) на овој член.

(5) Покрај условите од ставовите (3) и (4) на овој член, најмалку еден од давателите на земски услуги на аеродром не треба да биде директно или индиректно контролиран од:

а) телото за управување со воздухопловното пристаниште,

б) кој било корисник на воздухопловното пристаниште што има превезено повеќе од 25% од регистрираните патници или товар на тоа воздухопловно пристаниште во годината што и претходи на онаа година во која биле избрани давателите на земски услуги на аеродром и

в) тело кое директно или индиректно го контролира или кое е директно или индиректно контролирано од еден од субјектите од точките а) и б) на овој став.

(6) Во случај кога бројот на даватели на земски услуги е ограничен согласно став (3) на овој член, корисникот на воздухопловното пристаниште, без разлика кој дел од воздухопловното пристаниште го користи, треба да има можност за избор меѓу најмалку два даватели на земски услуги во поглед на секоја категорија на земски услуги што подлежи на ограничување, под условите утврдени во ставовите (3), (4) и (5) на овој член.

(7) Агенцијата го известува телото за управување со воздухопловното пристаниште за одлуката од став (3) на овој член. Телото за управување со воздухопловното пристаниште кое поднело барање за ограничување на услугите ја објавува одлуката на својата интернет страница.

**Самостојно давање на земски услуги**

Член 8

(1) Корисник на воздухопловното пристаниште може директно самостојно да извршува една или повеќе категории на земски услуги согласно член 3 на овој правилник.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, на воздухопловно пристаниште со годишен промет кој не е помал од два милиона патници или 50 000 тони товар, на барање на телото за управување со воздухопловното пристаниште, Агенцијата може да го ограничи бројот на самостојни даватели на било која од следните категории на земски услуги:

- прифаќање и испраќање на багаж,
- прифаќање и испраќање на воздухоплови на платформа,
- опслужување со гориво и мазиво и
- прифаќање и испраќање на стока и пошта, поврзано со нивна физичка манипулација при доаѓање, заминување или трансфер меѓу карго терминалот и воздухопловот.

(3) Бројот на самостојни даватели на земски услуги од став (2) на овој член не може да биде ограничен на помалку од два, и истите треба да бидат избрани врз основа на релевантни, објективни, транспарентни и недискриминирачки критериуми.

(4) Барањето од ставот (2) на овој член треба да содржи:

а) категорија на земски услуги од став (2) на овој член за која се бара ограничување,

б) причини со кои се оправдува ограничувањето и

в) план за соодветни мерки за надминување на наведените причини за ограничување, кога тоа е можно.

(5) Ограничувањето од став (2) на овој член не треба:

а) да ги нарушува целите на овој правилник, освен доколку за тоа има потреба,

б) да го нарушува принципот на пазарна конкуренција меѓу давателите на земски услуги и/или самостојните даватели на земски услуги и

в) да се применува во опсег поголем отколку што е потребно.

(6) Доколку бројот на корисниците на воздухопловното пристаниште е ограничен согласно став (2) на овој член, самостојното давање на соодветните земски услуги ќе биде дозволено за тие корисници на воздухопловното пристаниште кои во претходната календарска година имаат превезено најголем број патници на/од воздухопловното пристаниште каде што сакаат да организираат самостојно давање на земски услуги.

(7) Телото за управување со воздухопловното пристаниште може во секое време, а во секој случај на секои три години, повторно да ја испита листата на самостојни даватели на земски услуги согласно ставот (6) на овој член, врз основа на критериумот на бројот на превезени патници во претходната календарска година. Доколку повторното испитување на листата покаже дека постои нов заинтересиран корисник на воздухопловното пристаниште со поголем број на превезени патници, тогаш најдоцна во рок од шест месеци по испитувањето на листата, треба да поднесе барање до Агенцијата за измена на одлуката од ставот (2) на овој член.

(8) Агенцијата за одлуката од став (2) на овој член го известува телото за управување со воздухопловното пристаниште. Телото за управување со воздухопловното пристаниште кое поднело барање за ограничување на услугите согласно овој член, ја објавува одлуката на својата интернет страница.

**Централизирана инфраструктура**

Член 9

(1) Со централизираната инфраструктура која се користи за давање на земски услуги, чија комплексност, трошоци или влијание на околината не дозволува поделба или дуплирање на системите за сортирање на багаж, одмрзнување (de-icing), прочистување на вода и дистрибуција на гориво управува телото за управување со воздухопловното пристаниште или друго тело кое, Министерството за транспорт по претходно мислење од Агенцијата, го одреди да управува со таа инфраструктура.

(2) Покрај централизирана инфраструктура од став (1) на овој член, и други објекти на воздухопловното пристаниште можат да се прогласат за централизирана инфраструктура, имајќи ги во предвид постојните ограничувања на достапниот простор и капацитетот на одредено воздухопловно пристаниште.

(3) Телото за управување со воздухопловното пристаниште или другото тело кое, во согласност со ставот (1) на овој член, може да управува со одредена инфраструктура, ја утврдува инфраструктурата за централизи-

рана со одлука која ја донесува по извршена консултација со Одборот на корисниците и добиена согласност од Агенцијата.

(4) Одлуката од став (3) на овој член треба да содржи:

а) назив и намена на инфраструктурата која се прогласува за централизирана,

б) специфични ограничувања на расположивиот простор или капацитети со кои се оправдува одлуката и

в) изработен план на соодветни мерки за надминување на ограничувањата со кои се оправдува одлуката, кога е тоа можно.

(5) Одлуката од ставот (3) на овој член не треба:

а) да ги нарушува целите на овој правилник, освен доколку за тоа има потреба,

б) да го нарушува принципот на пазарната конкуренција меѓу давателите на земски услуги и/или самостојните даватели на земски услуги и

в) да се применува во опсег поголем отколку што е потребно.

(6) Телото за управување со воздухопловното пристаниште или другото тело кое управува со централизираната инфраструктура согласно став (1) на овој член, ја објавува одлуката од став (3) на овој член на својата интернет страница заедно со надоместоците и условите за користење на централизираната инфраструктура.

(7) Телото за управување со воздухопловното пристаниште или другото тело кое управува со централизираната инфраструктура согласно став (1) на овој член, треба да обезбеди слободен пристап до централизираната инфраструктура и транспарентно, објективно и недискриминаторско користење на истата за сите даватели на земски услуги и самостојни даватели на земски услуги, во рамките на ограничувањата пропишани со овој правилник.

(8) Користењето на централизираната инфраструктура е задолжително за давателите на земски услуги и самостојните даватели на земски услуги.

**Исклучоци**

Член 10

(1) Доколку на определено воздухопловно пристаниште постојат посебни ограничувања на расположливиот простор или капацитет, кои произлегуваат од застој во сообраќајот и степенот на искористеност на просторот, кои го оневозможуваат отворањето на пазарот и/или спроведувањето на самостојното давање на земски услуги до степен кој го определува овој правилник, телото за управување со воздухопловното пристаниште може писмено да побара од Агенцијата да:

а) го ограничи број на даватели на една или повеќе категории на земски услуги кои не се наведени во член 7 став (3) на овој правилник на дел или на целото воздухопловно пристаниште. Во тој случај се применуваат одредбите од член 7 ставови (3) и (5) на овој правилник,

б) го одобри давањето на една или повеќе земски услуги наведени во член 8 став (3) на овој правилник на еден давател на земски услуги,

в) го одобри самостојното давање на земски услуги само на два корисници на воздухопловното пристаниште за категориите на земски услуги кои не се наведени во член 9 став (2) на овој правилник. Во тој случај се применуваат одредбите на член 8 став (5) на овој правилник и

г) го забрани самостојното давање на земски услуги или да го ограничи на еден корисник на воздухопловното пристаниште, за категориите на земски услуги од член 8 став (2) на овој правилник.

(2) За секој од исклучоците за кое е поднесено барање согласно став (1) на овој член треба да:

а) се специфицираат категоријата или категориите на земски услуги за кои се одобрува исклучокот,

б) се наведат специфичните ограничувања на расположливиот простор или капацитет што го оправдуваат таквиот исклучок и

в) бидат придружени со изработен план на соодветни мерки за надминување на ограничувањата.

(3) Барањето од став (1) на овој член го одобрува Агенцијата.

(4) Исклучоците кои се одобрени согласно став (3) на овој член не треба:

а) да ги нарушуваат целите на овој правилник, освен доколку за тоа има потреба,

б) да го нарушуваат принципот на пазарна конкуренција меѓу давателите на земски услуги и/или корисници на воздухопловното пристаниште кои самостојно опслужуваат, и

в) да се применуваат во опсег поголем отколку што е потребен.

(5) Исклучоците од ставот (1) точки а), в) и г) на овој член се одобруваат за период не подолг од три години. Агенцијата треба најдоцна три месеца пред истекот на периодот за кој е одобрен исклучокот да донесе одлука за новото барањето за исклучок на кое исто така се применуваат одредбите од овој член.

(6) Исклучокот од ставот (1) точка б) на овој член се одобрува за период не подолг од две години. Агенцијата може врз основа на став (1) од овој член, да одобри исклучокот да се продолжи за еднократен период од две години.

**Избор на даватели на земски услуги**

Член 11

(1) Кога бројот на даватели на земски услуги е ограничен во случаите предвидени со член 7 став (3) и член 10 на овој правилник, давателите на земски услуги се избираат врз основа на јавен оглас кој ги содржи следните елементи:

а) видот на услугите за кои се објавува јавниот повик,

б) условите кои треба да ги исполнува давателот на земски услуги, односно да поседува одобрение за давање на земски услуги на аеродром,

в) периодот за кој ќе биде избран давателот на земски услуги,

г) критериумите за избор,

д) рокот за поднесување на понудите,

е) рокот за донесување на одлука за избор и

ж) упатство за правно средство.

(2) Критериумите за избор од став (1) на овој член треба да бидат релевантни, објективни, транспарентни и недискриминаторски и да бидат утврдени по претходно спроведена консултација со Одборот на корисници на воздухопловното пристаниште.

(3) Објавувањето и спроведувањето на постапката од став (1) на овој член, како и изборот на даватели на земски услуги го врши телото за управување со воздухопловното пристаниште по претходно спроведена консултација со Одборот на корисници на воздухопловното пристаниште, под услов телото за управување со воздухопловното пристаниште да:

а) не обезбедува слични категории на земски услуги,

б) нема директна или индиректна контрола над било кој давател на такви услуги и

в) не е на било кој друг начин поврзан со таквиот давател на земски услуги.

(4) Доколку не се исполнети условите од став (3) на овој член, утврдувањето на критериумите за избор, како и објавувањето и спроведувањето на постапката од став (1) на овој член ги врши Агенцијата по претходно спроведена консултација со Одборот на корисници на воздухопловното пристаниште и телото за управување со воздухопловното пристаниште

(5) Јавниот оглас се објавува најдоцна во рок од 12 месеци од исполнувањето на условите за распишување на јавен оглас согласно член 3 став (3), член 7 став (3) или член 10 на овој правилник.

(6) Давателите на земски услуги се избираат за период не подолг од седум години.

(7) Телото за управување со воздухопловното пристаниште за кое е спроведен изборот согласно одредбите од овој член треба да склучи договор за давање земски услуги со избраниот давател на земски услуги.

(8) Кога бројот на даватели на земски услуги е ограничен во случаите предвидени со член 7 став (3) и член 10 на овој правилник, телото за управување со воздухопловното пристаниште може самостојно да дава земски услуги на воздухопловно пристаниште без да подлежи на постапката за избор утврдена со одредбите од овој член доколку има одобрение за давање на земски услуги издадено од Агенцијата. Телото за управување со воздухопловното пристаниште може, без спроведување на постапката утврдена во овој член, за давање на земски услуги на тоа воздухопловно пристаниште, да овласти друго правно лице кое има одобрение за давање на земски услуги издадено од Агенцијата под услов:

а) телото за управување со воздухопловното пристаниште да има директна или индиректна контрола над тоа правно лице или

б) тоа правно лице да има директна или индиректна контрола над телото за управување со воздухопловното пристаниште.

(9) Доколку давателот на земски услуги престане да ги извршува активностите пред истекот на периодот за кој е избран, се спроведува постапка за избор на нов давател на земски услуги согласно одредбите на овој член.

(10) Со цел навремено спроведување на постапка за избор на нов давател на земски услуги, давателот на земски услуги од став (11) на овој член, треба најдоцна во рок од шест месеци пред да престане со давање на земски услуги да ги извести телото за управување со воздухопловното пристаниште и Агенцијата за планираниот престанок во извршување на активностите.

(11) Субјектите од ставовите (3) и (4) на овој член кои го спровеле изборот на давател на услуги согласно одредбите на овој член треба да го извести Одборот на корисници на воздухопловното пристаниште за резултатот од постапката за избор на давател на земски услуги.

(12) Телото за управување со воздухопловното пристаниште треба во најкраток можен рок да ја извести Агенцијата за сите околности кои би можеле да влијаат на постоење на утврдена директна или индиректна контрола од ставот (8) на овој член.

(13) Во случај на престанок на директната или индиректната контрола од ставот (8) на овој член, правното лице кое телото за управување со воздухопловното пристаниште претходно го има овластено за давање на земски услуги може да продолжи да ги врши наведените услуги уште три години од денот на известувањето на Агенцијата за престанок на директната или индиректната контрола.

### Стандарди за безбедност

Член 12

(1) Давателите на земски услуги и самостојните даватели на земски услуги можат да даваат земски услуги доколку поседуваат одобрение согласно член 94 од Законот за воздухопловство.

(2) За добивање на одобрението од став (1) на овој член, давателите на земски услуги и самостојните даватели на земски услуги треба да ги исполнат условите пропишани во Правилникот за условите и начинот на давање на земски услуги на аеродром.

(3) Телото за управување со воздухопловното пристаниште преку системот за управување, во согласност со прописите кои се однесуваат на безбедноста и обезбедувањето во воздухопловниот сообраќај ја следи усогласеноста и имплементацијата на системот за управување при изведувањето на активностите на давателите на земски услуги од член 3 став (1) на овој правилник со условите од ставот (2) на овој член.

### Консултации

Член 13

(1) Одборот на корисници на воздухопловното пристаниште од член 6 на овој правилник, телото за управување со воздухопловното пристаниште и давателите на земски услуги на одредено воздухопловно пристаниште најмалку еднаш годишно организираат задолжителни консултации во врска со примената на овој правилник. Консултациите, меѓу другото, се однесуваат на цените на земските услуги за кои се одобрени исклучоци согласно член 10 став (1) точка б) на овој правилник, како и на организацијата на давањето на тие услуги.

(2) Секој субјект од став (1) на овој член може да поднесе приговор до Агенцијата ако смета дека му се повредени правата како резултат на консултациите или дека дошло до нарушување на целите на овој правилник.

(3) За приговорот од став (2) на овој член одлучува Агенцијата.

(4) Агенцијата има право да учествува на консултациите.

### Правила на однесување

Член 14

(1) На барање на телото за управување со воздухопловното пристаниште, Агенцијата по потреба, може да:

а) му забрани на давателот на земски услуги или на корисникот на воздухопловното пристаниште давање или самостојно давање на земски услуги доколку тој не ги почитува правилата што му се поставени со цел да се обезбеди функционирањето на воздухопловното пристаниште и/или

б) му забрани на давателот на земски услуги кој е избран согласно член 11 на овој правилник, давање на земски услуги, доколку не ги исполнува условите под кои му е издадено одобрението за давање на земски услуги или постапува спротивно на Правилникот за услови и начин на давање на земски услуги на аеродром.

(2) Правилата од став (1) точка а) на овој член ги донесува телото за управување со воздухопловно пристаниште со цел да обезбеди безбедно давање услуги и функционирање на воздухопловното пристаниште.

(3) Телото за управување со воздухопловното пристаниште може врз основа на изречената забрана согласно став (1) на овој член да го раскине договорот за давање на земски услуги склучен врз основа на член 11 став (7) на овој правилник со избраниот давател на земски услуги.

(4) Правилата од став (1) точка а) на овој член треба да бидат во согласност со следните принципи:

а) треба да се применуваат на недискриминирачки начин на различни даватели на земски услуги и корисници на аеродроми

б) треба да бидат поврзани со целта што се планира да се постигне и

в) не треба во пракса да го ограничуваат пристапот до пазар или слободата за самостојно давање на земски услуги на ниво под нивото кое е предвидено со овој правилник.

(5) Доколку на воздухопловното пристаниште бројот на даватели на земски услуги не е ограничен за ниту еден вид земски услуги, телото за управување со воздухопловното пристаниште може да побара од давателите на земски услуги да учествуваат на чесен и недискриминирачки начин во исполнувањето на обврските за давање на јавни услуги, вклучувајќи ја и обврската за обезбедување непрекинато давање на услуги.

(6) Доколку на воздухопловното пристаниште бројот на даватели на земски услуги е ограничен во согласност со член 7 став (3) и член 10 на овој правилник, начинот на учествување во исполнување на обврските за давање на јавни услуги, вклучувајќи ја и обврската за обезбедување непрекинато давање на услуги, се уредува со јавен оглас согласно член 11 на овој правилник и со договор за давање земски услуги кој се потпишува по јавниот оглас согласно член 11 став (7) на овој правилник.

(7) Одборот на корисниците на воздухопловното пристаниште треба да ја извести Агенцијата и телото за управување со воздухопловното пристаниште кога давателот на земски услуги постапува спротивно на правилата донесени врз основа на ставовите (4) и (5) на овој член.

**Пристап до инфраструктура**

Член 15

(1) Давателите на земски услуги и самостојните даватели на земски услуги треба да имаат пристап до инфраструктурата на воздухопловното пристаниште во обем што е потребен за извршување на нивните активности. Доколку телото за управување со воздухопловното пристаниште или, кога е соодветно, државен орган или друго тело кое има контрола над телото за управување со воздухопловното пристаниште, постави услови во врска со тој пристап, тие услови треба да бидат релевантни, објективни, транспарентни и недискриминирачки.

(2) Просторот за давање на земски услуги на воздухопловното пристаниште треба да биде достапен за сите даватели на земски услуги и самостојни даватели на земски услуги, во обем потребен за остварување на нивните права, со цел да се овозможи чесна и ефикасна пазарна конкуренција основана на релевантни, објективни, транспарентни и недискриминирачки правила и критериуми.

(3) Телото за управување со воздухопловното пристаниште може да утврди надоместок за пристап до инфраструктурата на воздухопловното пристаниште. Критериумите за наплата треба да бидат одредени врз основа на релевантни, објективни, транспарентни и недискриминирачки критериуми.

(4) Давателот на земски услуги или самостојниот давател на земските услуги на кој му е повредено правото на пристап до инфраструктурата на воздухопловното пристаниште врз основа на условите кои се применети согласно одредбите на овој член, може да поднесе приговор до Агенцијата во рок од 15 дена од повредата на тоа право. За приговорот одлучува Агенцијата.

**Доставување на податоци**

Член 16

Агенцијата, на барање на Европската Комисија, ги доставува податоците и информациите кои се неопходни со цел составување на извештај за примената на одредбите на ЕУ Директивата 96/67 и овој правилник.

**Преодни и завршни одредби**

Член 17

Телото за управување со воздухопловно пристаниште треба да го формира Одборот на корисници од член 6 на овој правилник во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 18

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 април 2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 10-1609/1 | Директор на Агенцијата |
| 16 декември 2025 година | за цивилно воздухопловство, |
| Скопје | **Драги Стојаноски,** с.р. |

ПРИЛОГ

ЛИСТА НА ЗЕМСКИ УСЛУГИ

1. Услугите на администрацијата и надзорот на земја го опфаќаат следното:

1.1. услуги на застапување и врски со локалните власти или кои било други субјекти, исплата во име на корисникот на аеродромот и обезбедување на канцелариски простор за неговите застапници;

1.2. контрола на натоварување, праќање и примање на пораки и телекомуникации;

1.3. ракување, сместување и управување со уредите за натоварување (контејнери и палети);

1.4. сите останати услуги на надзор пред, за време на летот и после летот и која било друга административна услуга на барње на корисникот на аеродромот.

2. Услугите на прифаќање и испраќање на патници ги опфаќаат сите видови на давање помош при доаѓање, заминување, трансфер или транзит на патниците, вклучувајќи проверка на билети и патни исправи, пријавување на багаж и пренос на истиот до просторот за сортирање.

3. Услугите на прифаќање и испраќање на багаж опфаќаат ракување со багажот во просторот за сортирање, негово сортирање, подготовка на истиот за от према, патоварување и истоварање од уредите наменети за превоз од воздухоплов до просторот за сортирање и обратно, како и транспорт на багаж од просторот за сортирање до просторот за преземање (подигнување).

4. Услугите на прифаќање и испраќање на стока и пошта опфаќаат:

4.1. за стока: физичко ракување при извоз, трансфер и увоз на стока, работи на прифаќање и испраќање, водење на пропратната документација на стоката, царински постапки и спроведување на сите безбедносни постапки договорени помеѓу страните или кои се потреб ни во моменталните услови:

4.2. за пошта: физичко ракување со пошта што пристигнува или заминува, работи на прифаќање и испраќање, водење на пропратната документација на поштенските пратки и спроведување на безбедносни постапки договорени помеѓу страните или кои се потребни во моменталните услови.

5. Услугите на платформа го опфаќаат следното:

5.1. наведување на воздухопловите до/од паркинг позиција при пристигнување и заминување, (под услов овие услуги да не ти дава контролата на летање);

5.2. помош при паркирање на воздухопловите и обезбедување на соодветни средства (под услов оваа услуга да не ја дава надлежната контрола на летање);

5.3. комуникација помеѓу воздухопловот и давателот на услуги во контролираната зона;

5.4. натоварување и истоварување на воздухоплови, вклучувајќи го обебзедувањето и ракувањето со соодветни уреди/направи, како и превоз на екипажот и патниците помеѓу воздухопловот и терминалот, превоз на багажот помеѓу воздухопловот и терминалот;

5.5. обезбедување и ракување со соодветни уреди за стартување на моторите;

5.6. влечење или туркање на воздухопловот при пристигнување и заминување, како и обезбедување и ракување со потребните уреди/направи;

5.7. превоз, утовар и истовар на храна и пијалоци во од воздухопловот.

6. Услугите за опслужување на воздухоплови опфаќаат:

6.1. надворешно и внатрешно чистење на воздухопловите, санитарниот простор (тоалетите) и снабдување со вода за пиење;

6.2. ладење и греење на кабината, отстранување на снег и мраз и заштита на воздухопловот од замрзнување;

6.3. преуредување на кабината со соодветна кабинска опрема, сместување на таа опрема.

7. Услугите за опслужување со гориво и мазиво опфаќаат:

7.1. организирање и спроведување на операција на полнење и празнење, вклучувајки го складирањето на горивото и контрола на квалитетот и квантитетот на испорачаното гориво;

7.2. надополнување со мазиво и останати течности.

8. Услугите за одржување на воздухоплов опфаќаат:
8.1. рутински услуги пред лет;
8.2. нерутински услуги кои ги бара корисникот на аеродромот (превозникот);
8.3. набавка и водење на евиденција на резервни делови и опрема;
8.4. барање или резервирање на соодветна паркинг позиција и/или сместување во хангар.
9. Услугите за операциите на лет и администрацијата на екипаж опфаќаат:
9.1. подготовка за лет на појдовниот аеродром или на кое било друго место;
9.2. услуги во текот на летот, вклучувајќи и нивна прераспределба ако потребно;
9.3. активности по завршувањето на летот;
9.4. администрација на екипажот.
10. Услугите на транспортот на земја опфаќаат:
10.1. организирање и вршење на превоз на: ски- паж, патници, багаж, стока и пошта помеѓу различни терминали на ист аеродром, но со исклучок на истиот превоз помеѓу воздухопловот и која било друга точка внатре во оградата на истиот аеродром (воздухопловно пристаниште);
10.2. кој било посебен превоз на барање на корисникот на аеродромот (воздухопловното пристаниште).
11. Услугите за обезбедување на подготвена храна и пијалоци (кетеринг) опфаќаат:
11.1. поврзување со набавувачите и административната управа;
11.2. складирање на храната, пијалоците и опремата потребна за подготовка на истите;
11.3. чистење на опремата;
11.4. подготовка и достава на опрема и снабдување на резерви со храна и пијалаци.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Катерина Михајлова**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2025 година изнесува 16.650 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница Серафимовски ДОО Скопје.**
**ISSN 0354-1622**